Република Северна Македонија
Агенција за заштита на личните податоци

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale

Бр.09-465/1
7.4.2025

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје/Shkup
Примено: / E pranuar: 09-04-2025
| Орг. Един. / Njësia org. | Број: / Numri: | Прилог: / Shtojca: | Вредност: / Vlera: |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |

До
Министерство за правда
Игор Филков, министер

ул.„Димитрие Чуповски“ бр.9
Скопје

Предмет: **Иницијатива за измена и дополнување на Законот за прекршоците**

Почитувани,

Со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 294/21) се уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на физичките лица, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци. Оттука, Агенцијата за заштита на личните податоци во рамките на своите надлежности утврдени со Законот за заштита на личните податоци, како самостоен и независен државен орган за заштита на личните податоци врши супервизија преку супервизорите за заштита на личните податоци, која супервизија е системска и независна контрола над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци и нивната заштита во спроведувањето од овој закон и прописите донесени врз основа од овој закон, кое особено опфаќа истражување, проверка, давање насоки и превенција на контролорите и обработувачите. Супервизијата може да биде: редовна, вонредна и контролна.

Согласно член 107 став (1) од Законот за заштита на личните податоци, за извршената редовна или вонредна супервизија, супервизорот во рок од 30 дена од денот на завршувањето на супервизијата составува записник со наод на состојбата и утврдени повреди, при што истиот му се доставува на контролорот, односно обработувачот.

Според член 108 став (1) од овој закон, за извршената контролна супервизија се составува записник во кој супервизорот ќе констатира дека контролорот, односно обработувачот

целосно постапил, делумно постапил или не постапил по решението од извршената редовна или вонредна супервизија.

Во ставот (2) на овој член е утврдено дека во случај на непостапување, односно делумно постапување по решението, супервизорот поведува прекршочна постапка согласно со овој закон и Законот за прекршоците.

Според член 109 став (1) од овој закон, ако при спроведувањето на супервизијата, супервизорот утврди повреда од овој закон, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија согласно одредбите од овој закон и Законот за прекршоците.

Понатаму, согласно член 58 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) е утврдено дека прекршочниот орган поведува прекршочна постапка по службена должност или по барање од овластено службено лице во органите од членот 83 став (2) од овој закон.

Во ставот (2) на овој член е утврдено дека овластеното службено лице од ставот (1) на овој член е должно во најкус можен рок но не подолг од 30 дена од денот по констатирањето на прекршокот или по поднесена пријава за сторен прекршок, да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постои законски основ за тоа, кога е утврдено со технички средства или по пријава на оштетениот.

Според член 83 став (2) од овој закон е утврдено дека, овластени органи за поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се: органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување или надзор над извршувањето на законите во кои се предвидени прекршоци.

Во ставот (4) на овој член е утврдено дека овластените органи од ставот (2) на овој член се должни во рок од 30 дена од денот по констатирањето на прекршокот или по поднесена пријава од страна на оштетениот за сторен прекршок да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка секогаш кога постои основано сомневање дека е сторен прекршок.

Вака како што е поставена правната рамка, барањето за поведување на прекршочна постапка според одредбите на Законот за прекршоците, супервизорите во Агенцијата за заштита на личните податоци се должни да го поднесат во рок од 30 дена од денот по констатирање на прекршокот, што не е возможно имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита на личните податоци за вршење супервизија на заштита на личните податоци. Ова особено што, супервизорот во рок од 30 дена од денот на завршувањето на супервизијата составува записник со наод на состојбата и утврдени повреди, а кој записник потоа му го доставува на контролорот односно обработувачот.

Оттука, како супервизорот во рок од 30 дена од денот по констатирањето на прекршокот да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, кога во тој рок (30 дена) е должен да го состави записникот со наод на состојбата и утврдени повреди од извршената супервизија, кој по својата содржина е комплексен и сложен процес на констатирање на фактичката состојба бидејќи се работи за материја која навлегува во уставно загарантираното право на заштитата на личните податоци, како и применувањето на технолошки решенија (state of art). Понатаму, по составувањето на записникот (30 дена од денот на завршување на супервизијата), супервизорот истиот го доставува до контролорот/обработувачот, при што треба да обезбеди и уредна достава според прописите за управната постапка, а многу често писмената се враќаат со неуредна достава, па супервизорите мораат повторно да ги доставаат, се до моментот на обезбедување уредна достава на истиот согласно закон. Притоа, по спроведената супервизија, ако супервизорот утврди повреда на прописите за заштита на личните податоци, во рокот утврден за составување на записник (30 дена од денот на завршување на супервизијата), започнува и со прибирање на дополнителни податоци со цел поднесување на барање за поведување за прекршочна постапка, како на пример податоци за одговорното лице во правното лице и тоа: ЕМБГ, место и датум на раѓање согласно Законот за прекршоците.

Врз основа на погоре наведеното, а во функција на реализирање на одредбите од членот 109 од Законот за заштита на личните податоци, Агенцијата ја поднесува оваа иницијатива со цел да се направат изменувања на одредбите на Законот за прекршоците и тоа:
- во членот 58 став (2) и во членот 83 став (4) бројот „30" да се замени со бројот „90".

Притоа, потребно е да се изврши изменување и во однос на застареноста на поведување и водење на прекршочна постапка од областа на заштитата на личните податоци, поради што ќе треба да се изврши и дополнување на ставот (3) на членот 41 од Законот за прекршоците, односно по зборовите „животна средина" да се додадат и зборовите „областа на заштита на личните податоци", а во функција на остварување и спроведување на уставно загарантираното право на заштита на личните податоци (член 18 од Уставот на Република Северна Македонија).

Исто така, потребно е да се изврши изменување и во однос на висината на глобата за физичкото лице, одговорното лице во правното лице и овластеното службено лице, поради што ќе треба да се изврши и дополнување на ставот (6) на членот 26 од Законот за прекршоците, односно по зборовите „животната средина" се додаваат зборовите „и од областа на заштита на личните податоци", а во функција на реализирање и усогласување со одредбите на членот 83 од Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица во поглед на обработката на лични податоци, за слободно движење на таквите податоци и за укинување на Директива 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на податоци), односно постигнување на целта

**Република Северна Македонија**
**Агенција за заштита на личните податоци**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale**

предвидена во оваа Регулатива дека казните мора да бидат ефективни, пропорционални и одвраќачки.

Посочуваме дека за оваа иницијатива за изменување и дополнување на Законот за прекршоците е подготвена и анализа од проф. д-р. Гордана Лажетиќ (Потребата од измени на Законот за прекршоците заради ефективна заштита на личните податоци), а за што беше организирана и консултативна средба на тема „Унапредување на прекршочните санкции за заштита на правото на приватност„ од страна на Центарот за правни истражувања и анализи во соработка со Агенцијата за заштита на личните податоци на 2 април 2025 година, пришто на средбата учествуваа судии, јавни обвинители, претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата.

Врз основа на погоре наведеното, а во функција на надминување на состојбите констатирани при скриниг процесот за подготовка на преговарачките позиции за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, а кои се артикулирани во Патоказот за владеење на правото, како и реализирање на стратешката цел 1: Целосна самостојност и независност на АЗЛП предвидена во Стратегијата за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија за периодот 2025-2030, односно на активноста - Измени на секторската легислатива која се однесува на прекршоците, Агенцијата за заштита на личните податоци ја поднесува оваа иницијатива со цел да започнат активности за вградување на предложените измени и дополнувања во Законот за прекршоците.

Во тој контекст, мора да се нагласи дека Агенцијата за заштита на личните податоци и претходно има предочувано за потребата од нормативно изменување и дополнување на Законот за прекршоците, а со цел усогласување со законодавството на Европската Унија од областа на заштитата на личните податоци, за што Агенцијата го има известено Министерството за правда со допис (Иницијатива за измена на Законот за прекршоците) бр.03-738/1 од 04.06.2021 година на кое што афирмативно е одговорено од Министерството со допис (Доставување на мислење) бр. 21-1642/2 од 28.06.2021 година.

Прилог:
- Анализа - Потребата од измени на Законот за прекршоците заради ефективна заштита на личните податоци од проф. д-р. Гордана Лажетиќ.
- Допис (Иницијатива за измена на Законот за прекршоците) бр.03-738/1 од 04.06.2021 година
- Допис (Доставување на мислење) бр. 21-1642/2 од 28.06.2021 година

Заменик директор,
Елена Велјановска

Изработил:Валентин Фетаџокоски

бул. „Гоце Делчев" бр. 18, П. фах 417, 1000 Скопје / bul. Goce Delçev nr. 18, F. Postar 417, 1000 Shkup
тел./tel.: ++ 389 2 3230-635; www.azlp.mk; e-mail: info@privacy.mk